Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 56, 15 март 2011 година

март 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје енергетика и животна средина на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научното подрачје градежништво и водостопанство на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика II (кинематика, динамика и осцилации)“ од авторите д-р Симеон Симонов и д-р Златко В. Соврески од Машински факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко воспитание со методика“ за Предучилишно воспитување од д-р Илија Клинчаров и м-р Биљана Попеска, Педагошки факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко образование со методика“ за Одделенска настава од д-р Илија Клинчаров и м-р Биљана Попеска, Педагошки факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СО МЕТОДИКА“ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД Д-Р ИЛИЈА КЛИНЧАРОВ И М-Р БИЛЈАНА ПОПЕСКА, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со одредбите од Статутот и Правилникот за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, врз основа на Одлуката бр. 2102 – 79/23, донесена на 13. редовна седница на Наставно-научниот совет на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 21.12.2010 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Душан Тодоровски и
2. доц.д-р Снежана Јованова-Митковска

за рецензија на приложениот ракопис за учебно помагало „Практикум по основи на физичко воспитание со методика“ од авторите д-р Илија Клинчаров (автор) и м-р Билјана Попеска (коавтор), наменет за студентите на насоката Предулилишно воспитание од прв циклус студии на Педагошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко воспитание со методика“ од авторите д-р Илија Клинчаров и м-р Билјана Попеска е компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Основи на физичко воспитание со методика, што се изучува на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, за студиите од прв циклус на додипломски студии во V, VI, VII и VIII семестар, во учебната 2007/2008 година со неделен фонд на часови: 1+2 во V семестар, 1+1 во VI семестар, 1+2 во VII семестар и 2+2 во VIII семестар, како и во VI, VII и VIII семестар, во учебната 2008/2009 година со неделен фонд на часови: 3+2 во VI семестар, 2+2 во VII семестар и 2+2 во VIII семестар.

Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2007/2008 година се вреднува со по 3 кредити, вкупно 12, односно по 5 кредити или вкупно 15, согласно со Програмата за учебната 2008/2009 година.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет и се однесуваат на практична реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование. Во таа смисла, во Практикумот се дадени три типа обрасци и соодветно на секој од нив упатства за пополнување на истите кои имаат за цел да го водат студентот низ реализацијата на практичните активности.

Пишаниот материјал ја третира проблематиката на еден од најважните сегменти во педагошката работа, а тоа е подготовката и планирањето на воспитно-образовниот процес. Во процесот на подготовка на наставата доаѓа до ефектуирање на целокупните знаења и капацитети на педагогот. Преку примена на соодветни пристапи, методи и форми на работа, во непосредната апликација на воспитно-образовните содржини, преку кои се реализираат поставените цели и задачи на наставата, доаѓа до израз стручната подготвеност на наставникот да ја организира воспитно-образовната работа во одредено предметно подрачје.

Физичкото воспитание претставува еден од неколкуте фундаментални воспитни подрачја. Имајќи ја предвид огромната позитивна улога на содржините од ова воспитно-образовно подрачје, посебно се нагласува потребата од соодветна подготовка на воспитно-

образовниот процес. Реализацијата на задолжителните активности по физичко воспитание претставува специфичен процес кој бара и специфични инфраструктурни, материјално-технички и организациски основи. Во еден вака сложен процес на мултидимензионално делување на воспитно-образовните содржини врз развивање на различни сегменти на детската личност, аплицирани во едни специфични просторни услови, особено доаѓа до израз и потребата од квалитетна организација и подготовка на активноста, посебно во делот на подготовката на задолжителната активност по физичко воспитување.

Во овој практикум на еден многу конкретен начин, преку приказ на соодветни примери, се даваат извонредно јасни упатства како да се подготви студентот - идниот наставник за реализација на задолжителната активност по физичко воспитување.

Пратикумот е структуриран во три генерални целини кои се однесуваат на анализа на набљудувана насочена активност по физичко воспитание, подготовка на насочена активност по физичко воспитание и критички осврт на набљудувана насочена активност по физичко воспитание реализирана од страна на студент - колега. Во почетокот на секоја целина, покрај обрасците кои треба да бидат пополнети од страна на студентите и се од централен интерес во Практикумот, јасно и концизно се образложени целите поради кои е осмислен секој од понудените обрасци, како и претходните сознанија со кои треба да располага студентот и се услов за успешно пополнување на поставените барања. Во секоја целина е интегриран дел именуван како упатство за пополнување на обрасците, чија цел е насочување на активноста на студентите кон ефикасно исполнување на барањата во Практикумот.

Првата целина се однесува на набљудување на насочена активност по физичко воспитание, реализирана од страна на наставник/наставничка – ментор, аналогно на ова и на пополнувањето на обрасците од анализата на набљудувана активност реализирана од страна на наставник - ментор. Според авторите, цел на анализата на набљудуваната менторска активност е согледување и нотирање на позитивните и негативните страни на одржаната активност по физичко воспитание, критички и систематски пристап кон набљудувањето, воочување на елементите кои се битни за ефикасна реализација на насочената активност по физичко воспитание, како и стекнување на искуства за поефикасна самостојна реализација.

Образецот е организиран на две страни на кои покрај основните податоци кои се однесуваат на студентот, воспитно-образовната установа – градинката во која се реализира менторската активност, се распределени прашања организирани во пет структурни целини. Првите четири целини се однесуваат на секоја од фазите на насочената активност по физичко воспитание и содржат прашања кои се однесуваат на карактеристиките и целта на секој дел одделно (воведен, подготвителен, главен и завршен дел), како и конкретно на текот, реализацијата, организацијата, времетраењето и ефектите на секој дел од насочената активност. На секое прашање се понудени степени на согласување (од 1 до 5 или да, не, делумно) преку кои студентот ја анализира реализацијата на насочената активност по физичко воспитание, притоа воочувајќи ги битните елементи во организцијата на насочената активност по физичко воспитание.

Втората целина се однесува на пополнување на обрасците за подготовка на насочена активност по физичко воспитание. Подготовката за насочена активност по физичко воспитание е еден аспект од планирањето и подготовката на воспитно-образовната работа што е значаен предуслов за успешно реализирање на воспитно-образовната активност и остварување на поставените цели. Оваа целина е структурирана во три меѓусебно тесно поврзани делови од кои првиот дел се однесува на артикулцијата на насочената активност по физичко воспитание. Вториот дел содржи целосно пополнет образец за подготовка на насочена активност по физичко воспитание, како пример како треба да изгледа една комплетна подготовка на насочена активност по физичко воспитание, додека во третиот дел се дадени празни обрасци кои студентите трба да ги пополнат во текот на својата практична работа во градинките во рамките на овој предмет.

Во делот именуван како структура (артикулација) на насочената активност по физичко воспитание, накратко е прикажана артикулацијата на насочената активност по физичко воспитание. Во понатамошниот текст во кратки црти се изнесени основните карактетристики на содржините на секој дел од активноста.

Во делот изработка на подготовка за насочената активност по физичко воспитание, преку детално анализирани примери се даваат упатства како да се пополни образецот за подготовка на насочената активност по физичко воспитание, со детална анализа на структурата, карактеристиките и содржините кои треба да се имплементираат во подготовката.

Најнапред се елаборира за параметрите кои треба да се структуираат во делот на главната подготовка која ги опфаќа техничките прашања: име на воспитно-образовната установа, возрасната група во која се реализира насочената активност по физичко воспитание, бројот и полот на децата, просторот каде се реализираат активностите, датумот, како и редниот број на насочената активност на годишно ниво. Тука се инкорпорирани и прашањата на дефинирање на планираната тема, планираната содржина и типот на насочената активност.

Понатаму се разработени прашањата на дефинирање на целите и методските задачи на конкретната насочената активност по физичко воспитание. Преку јасно дефинираниот пример може да се стекне јасна слика за дистинкцијата на поставените цели и методските задачи. Во делот на дефинирање на целите објаснети се конкретните оперативни цели кои треба да се постигнат со реализирање на конкретната насочена активност, кои се структуирани во три области и тоа: област на знаење, развој на моторни способности и психолошко-социјално поле.

Подготовката во делот на примената на организациските форми, методите на работа и работно-игровните средства е обработена одделно. Посебно внимание и место е отстапено на објаснувањето на организациски форми кои најчесто се применуваат на часот по физичко и здравствено образование. Поединечно се елаборирани фронталната форма на работа, групната форма на работа – работа во парови, тројки и четворки, пралелната форма на работа, наизменичната форма на работа, работа со дополнителни вежби, накратко се споменати и објаснети работата по станици и кружната форма на работа, полигонот како организациска форма и индивидуалната форма на работа. Од методите на работа се објаснети основните наставни методи и тоа: методот на „жив збор“, методот на демонстрација, методот на практично вежбање, како и методите на игра, имитација и драматизација.

Во понатамошниот текст преку анализа на конкретен разработен пример на наставна единица (увежбување на одење со кратки и долги чекори од наставна тема одење), се елаборира за организацијата и подготовката на секој поединечен дел од часот по физичко и здравствено образование.

Најнапред на еден многу пристапен начин обработена е подготовката на воведниот дел на часот кој има за задача организациски, емоционално и физиолошки да ги подготви учениците за активностите кои следат, преку содржини кои ќе овозможат општо загревање на организмот.

Во делот на подготовката на подготвителниот дел на часот, објаснети се содржините кои треба да се имплементираат во овој дел на часот. Преку соодветен пример на комплекс на вежби за оформување се стекнува јасна слика на начинот на подготовка на овој дел од часот. Тука се дава и детална анализа на структурата на овие движења, преку објаснување на описот, целта и дозирањето на конкретни вежби.

Прашањата на подготовка на главниот дел на часот се разработени поодделно. Дадени се јасни конкретни напатствија како да се структурира оваа подготовка во четири сегменти и тоа како општа (основна подготовка), методска, организациска и количинска подготовка. Со вака дефинираниот пристап се овозможува стекнување на комплетна слика за организирањето на главниот дел на часот. Овој начин на организација на подготовката на главниот дел на часот по физичко и здравствено образование ја анулира можноста од несоодветно делување (импровизација), кое може да предизвика несакани последици во делот на безбедноста на учениците.

На крај се елаборира за организацијата и подготовката на делот на завршните активности кои треба да предизвикаат смирување на организмот и анализа на наставната единица која треба да претставува евалуација на наставникот за ефикасноста на часот.

Во прилог на упатството е даден целосно потполнет пример на подготовка за наставен час (наставна единица - увежбување на скок со две нозе од место, напред, назад и во страна, прескокнување на пречки од наставна тема скокање), како и празни обрасци за подготовка на наставен час по физичко и здравствено образование.

Третата целина од Практикумот е дефинирана како критички осврт на наставен час реализиран од страна на студент - колега. Авторите наведуваат дека основна цел на оваа целина, односно пополнувањето на дадените обрасци е преку развој на способноста за критичко мислење и анализа, базирано на објективни согледувања, да се постигне свесност за клучните елементи на еден наставен час кои директно ја условуваат успешната подготовка, а со тоа и реализацијата на часот. Аналогно на претходните целини и во овој дел се наведени потребните претходни сознанија и е дадено упатство за пополнување на критичкиот осврт. Образецот е структуриран во 4 дела именувани како: (1) воведен дел - во кој се запишуваат основните податоци за студентот, рецензент, студентот реализатор, училиштето, одделението, местото и датумот на реализација; (2) дидактички дел - во кој критички, преку нотирање на забелешките, позитивни и негативни и нивно образложување, критички се анализираат организациските форми, методите на работа, почитувањето на дидактичките принципи, применетите справи и реквизити итн; (3) применети содржини и реализација - дел во кој предмет на критичка анализа се применетите содржини и активности, нивната соодветност на поставените цели и задачи на часот, компатибилноста со возраста на учениците, интересот кои го предизвикале итн; последниот (4) дел, активности на наставникот и ученикот во кој критички се анализира меѓусебната комуникација, интеракција, дисциплината, социо-емоционалните аспекти на реализацијата.

Покрај одредување на степенот на согласување со секое од дадените тврдења, во овој дел од Практикумот пред студентите се поставува барање да го образложат своето размислување преку нотирање на позитивните и негативните страни на реализацијата на наставниот час, преку аргументирани, стручно издржани и независни мислења.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот.

Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на практикумот. Авторите покажуваат големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања на подготовка на наставниот процес е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување на многу јасна слика за подготовката на наставниот час по физичко и здравствено образование.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на практичните и теоретските барања на предметот Основи на физичкото воспитание со методика за студентите на Педагошкиот факултет во Штип.

Концизно и експлицитно презентираната проблематика на подготовката на наставниот час по физичко и здравствено образование во одделенската настава во основното образование, дава голема можност за користење на овој материјал од страна на директно инволвираните наставници во процесот на едукација.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко образование со методика“ од авторите д-р Илија Клинчаров и м-р Билјана Попеска разработува едно од најкомплексните прашања во наставната практика – подготовката и практичната реализација на наставен час, како и сите останати активности кои се во функција на ефикасна практична реализација: анализа на набљудуван менторски час и критички осврт на набљудуван час. Разработените содржини се во согласност со наставниот план и содржините на предметот Основи на физичко образование со методика, што го изучуваат студентите од групата Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Практикум по основи на физичко образование со методика“ од авторите д-р Илија Клинчаров и м-р Билјана Попеска да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од групата Одделенска настава на Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Душан Тодоровски, с.р.**
**Доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**